Регионална платформа на западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и за заштита на новинарите
Western Balkan's Regional Platform for Advocating Media Freedom and Journalists' Safety

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019.

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019.

**Автори:**
**Драган Секуловски,**
**Дениз Сулејман**

**Наслов**
Северна Македонија - Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019

**Издавач**
Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ)

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

**Автори**
Драган Секуловски
Дениз Сулејман

**Лектор**
Љубинка Ајтовска

**Дизајн**
comma | communications design

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка од Европската унија и Европскиот фонд за демократија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија или на Европскиот фонд за демократија.

# Содржина

**ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ** 4

**МЕТОДОЛОШКИ ЗАБЕЛЕШКИ** 5

**Вовед** 7

**А Правна заштита** 9

А1 Правни гаранции за слободата на медиумите и нивната примена во праксата 9

А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите 11

А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите 12

А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите 13

А5 Заштита на изворите на информации 14

А6 Право на пристап до информациите 14

**Б Положбата на новинарите во редакциите** 16

Б1 Економски ограничувања на новинарската работа 16

Б2 Независноста на новинарите од медиумските сопственици и менаџери 17

Б3 Независноста на новинарите во јавниот дифузер 17

Б4 Независноста на новинарите во непрофитниот сектор 18

Б5 Слободата на новинарите во процесот на продукција на вестите 19

Б6 Положбата на жените во новинарството 19

**В Безбедноста на новинарите** 21

В1 Статистика за напади врз новинарите и за неказнивоста 21

В2 Однесување на државните институции и политичките актери кон безбедноста на новинарите 23

В3 Ефикасноста на судскиот систем во заштитата на новинарите 25

**Анализа и заклучоци** 27

Препораки 29

А Законски интервенции и подобрување на имплементацијата на законите: 29

Б Подобрување на работничките права на новинарите: 29

В Зајакнување на безбедноста на новинарите: 29

# ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Новинарските здруженија од пет земји од Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Косово и Србија), со поддршка на Европската комисија[1], во 2016 година ги здружија напорите со цел да го следат и унапредат нивото на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во своите земји - создавајќи ја Регионалната платформа на Западен Балкан за застапување за слобода на медиумите и безбедност на новинарите. Врз основа на заедничка методологија за истражување, развиена специјално за оваа цел, секоја година овие организации собираат податоци, ги проценуваат најновите случувања и спроведуваат активности за застапување за промена на политичкото, законското и институционалното опкружување во кое работат новинарите и медиумите.

Постигнатите резултати во првиот тригодишен циклус покажаа дека здруженијата на новинарите од регионот можат да играат пресудна улога во притисокот за поголема слобода на медиумите. Постигнатите резултати се  признаени од Европската комисија како клучен чекор кон целосна демократизација на балканските општества, што резултираше со нејзина одлука да продолжи со поддршката на Регионалната платформа и во наредните години[2]. Овој наративен извештај е изработен во рамки на четвртата регионална проценка на нивото на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во Западен Балкан, спроведена во 2019 година[3].

1 *Регионалната платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите е проект финансиран од Европската комисија, во рамки на Програмата за граѓанско општество и медиуми 2014/15, Поддршка на регионални тематски мрежи на граѓанските организации.*

2 *Европската комисија го одобри новиот тригодишен проект „Safejournalists.net" со договор за грант ИПА/2019/414-122*

3 *Проценката на нивото на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во Западен Балкан во 2019 година беше финансиски поддржана од European Endowment for Democracy.*

# МЕТОДОЛОШКИ ЗАБЕЛЕШКИ

Методологијата[4] на истражувањето се состои од три групи индикатори структурирани врз основа на систематска анализа на различни насоки изготвени од повеќе релевантни меѓународни организации[5]. Во текот на изминатите четири години првично развиените индикатори беа тестирани и рафинирани за да се прилагодат на карактеристичниот социо-политички контекст во овој регион и да ги рефлектираат специфичните потреби и интереси на новинарите во петте земји.

Со цел да се одговори на индикативните прашања поврзани со секој специфичен индикатор применети се низа различни методи на истражување за собирање и анализа на податоци:

- Анализа на студии, анализи, извештаи од истражувања, документи за политики, стратегии и други документи;
- Квалитативна анализа на правни документи;
- Собирање и анализа на информации објавени на веб-страниците на јавните институции и други организации и тела;
- Собирање и анализа на соопштенија на медиуми, текстови и други информации објавени од професионални организации;
- Податоци собрани од здруженијата на новинари;
- Длабински интервјуа со експерти, новинари и креатори на политики (10 вкупно за потребите на овој извештај);
- Фокусни групи со новинари (две одржани фокусни групи за потребите на овој извештај);
- Официјални статистички податоци добиени од јавните институции и општините[6], достапни на интернет-страници или од други објавени извори.

На национално ниво, здруженијата на новинари номинираа национални истражувачи за да го спроведат собирањето на податоците и да ги напишат наративните извештаи, кои потоа беа разгледани од двајца рецензенти и од главниот истражувач.

Трите групи индикатори што се користени при проценката на нивото на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во Западен Балкан, се прикажани на табелата подолу.

4 *Четвртото прилагодено издание на методологијата на истражување беше изработено од Снежана Трпевска, главен истражувач и Игор Мицевски, соработник-истражувач, од Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Скопје, Северна Македонија.*

5 *При развојот на специфичниот истражувачки пристап за земјите од Западен Балкан беа земени предвид следниве документи: Совет на Европа: Индикатори за медиумите во демократијата; УНЕСКО: Индикатори за развојот на медиумите (МДИ) и Индикатори за безбедноста на новинарите: Национално ниво; УСАИД – ИРЕКС: Индекс за одржливост на медиумите; Фридом Хаус: Анкета за слобода на печатот; Светски сервис на БиБиСи: Иницијатива за развој на африканските медиуми; Комитет за заштита на новинарите: Насилството врз новинари; Репортери без граници: Индекс на слобода на печатот во светот.*

6 *Во текот на јули 2019 година испратени се над 90 официјални дописи до различни институции врз основа на Законот за пристап до информации од јавен карактер.*

Табела на индикатори:

| А. Правна заштита | Б. Позицијата на новинарите во редакциите | В. Безбедност на новинарите |
|---|---|---|
| А.1 Правни гаранции за слободата на медиумите и нивно спроведување во пракса | Б.1 Економски ограничувања за работа на новинарите | В.1 Статистика за напади врз новинари и неказнивост |
| А.2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите | Б.2 Независноста од сопствениците на медиумите и менаџерите | В.2 Однесувањето на државните институции и политичарите во врска со заштитата на новинарите |
| А.3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите | Б.3 Независноста на новинарите во јавниот радиодифузер | В.3 Ефикасноста на судскиот систем во однос на заштитата на новинарите |
| А.4 Слобода на работата и здружение на новинари | Б.4 Независноста на новинарите во непрофитниот сектор | |
| А.5 Заштита на изворите на новинарите | Б.5 Слободата на новинарите во процесот на производство на вести | |
| А.6 Право на пристап до информации | Б.6 Позицијата на жените во новинарството | |

# Вовед

Република Северна Македонија е унитарна држава, воспоставена по распадот на поранешна Југославија, со Уставот од 1991 година. Уставот е највисок правен акт што ја дефинира РСМ како парламентарна демократија со легислативна, извршна и судска власт. Слободата, еднаквоста, владеењето на правото и почитувањето на човековите права на сите граѓани се највисоки вредности во уставното уредување на земјата. По правило, по секои парламентарни избори, владата ја формираат политичките партии од македонскиот и од албанскиот блок, кои освоиле најмногу гласови на изборите. Нема прецизни податоци за вкупното население во земјата бидејќи последниот попис беше спроведен во 2002 година, кога вкупното население изнесувало 2 022 547 жители, со различна етничка припадност: Македонци 65,17 %, Албанци 25,17 %, Турци 3,85 %, Роми 2,66 %, Срби 1,78 %, и помал процент припадници на други етнички заедници (Бошњаци, Власи, Бугари, Црногорци и др.). Земјата веќе повеќе години ја потресуваат скандали со корупција од највисоко ниво, која е длабоко навлезена во сите пори на македонското општество.

Политичката ситуација во 2019 година беше особено нестабилна поради скандалите со корупција во кои беа инволвирани носители на високи јавни функции, за кои се отворија и постапки пред надлежните органи. Поради тоа, кон крајот на годината настапи политичка криза која резултираше со најава за распуштање на Парламентот и предвремени парламентарни избори најавени за април 2020 година. Тензијата меѓу политичките партии се пренесуваше и на начинот на кој известуваат дел од медиумите, особено оние кои очигледно заземаат страна за власта или за опозицијата. Политичката криза го блокираше и спроведувањето на системските реформи во медиумскиот сектор што треба

да создадат поповолен амбиент за развој на приватните медиуми, за трансформација на јавниот радиодифузен сервис и за развивање на професионално новинарство.

Во 2019 година во државата дојде до пораст на минималната, но и на просечната плата. Со тоа, се забележа и благ пораст на просечната плата на новинарите и на медиумските работници. Сепак, просечната плата на новинарите сè уште е пониска од државниот просек, а дополнително загрижува фактот што платите на новинарите од помалите градови во државата се на значително пониско ниво во споредба со колегите кои работат во главниот град. Во 2019 година во медиумите се одлеаја голем обем јавни средства: преку партиските кампањи за претседателските избори во 2019 година; преку откупувањето медиумски простор од страна на партиите надвор од изборна кампања; и преку различни облици на финансирање на приватни медиуми од буџетите на локалните власти. Сето ова сериозно ја поткопуваше уредувачката политика на медиумите и влијаеше врз нивото на самоцензура на новинарите. Новинарите и медиумските работници и натаму се економски несигурни и речиси не постојат колективни договори со кои се штитат нивните работнички права. Вкупниот број на професионални новинари не е познат, но според проценките на ЗНМ во земјата работат околу 1 000 новинари во сите видови медиуми, вклучувајќи го и јавниот сервис.

Медиумите тешко опстојуваат на скромниот но преполнет медиумски пазар. Анализите на регулаторот говорат дека буџетите се намалуваат, а десетина радиодифузери во минатата година и престанале да функционираат. Во декември 2019 година во аудиовизуелниот сектор имаше 120 радиодифузери, од кои 48 ТВ и 72 радиостаници. Вкупно 11 субјекти емитуваат ТВ-програма на национално ниво (5 терестријални, 4 кабелски и 2 сателитски телевизии), 18 на регионално и 19 на локално ниво. Од радиостаниците само 4 емитуваат програма на национално ниво, а 17 на регионално и над 50 на локално ниво. Во 2019 година престана да функционира дневниот весник „Независен“ со што на пазарот останаа вкупно 5 дневни весници (3 на македонски и 2 на албански јазик), а во онлајн сферата работат стотина препознатливи медиуми кои се дел од регистарот на професионални онлајн медиуми.

# A

# Правна заштита

## А1 Правни гаранции за слободата на медиумите и нивната примена во праксата

Основните гаранции за слободата на изразување и независноста на медиумите се вградени во Уставот, медиумските[1] и неколку други закони[2]. Сите овие закони го опфаќаат и правото на пристап до интернет, односно не постои посебна регулатива со која се регулира само интернетот. Во споредба со минатата година, генерално, нема значителни разлики во степенот на медиумските слободи, но се бележи благ пораст на притисоците и нападите врз новинари и медиумски работници. И оваа година лошата финансиска состојба во која се наоѓаат медиумите и несигурниот социо-економски статус на новинарите се одразуваат негативно врз состојбата во новинарството и врз квалитетот на содржините. Според Репортери без граници, во 2019 година земјата е 14 места по-

1 *Закон за медиуми, „Сл. Весник на РМ“ бр.184/2013 и бр.13/2014 и Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Сл. весник на РМ“ бр. 184/2013 13/2014; 44/2014; 101/2014; 132/2014; 13/2016; 142/2016; 132/2017; 168/2018; 248/2018; 27/2019; 154/2019.*

2 *Други значајни закони за медиумите и новинарите се Кривичниот законик, кој го санкционира поттикнувањето омраза и ширењето расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, Изборниот законик, кој ги уредува правилата за известување на медиумите за време на предизборната кампања, Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда, Законот за авторско право и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

високо на светскиот индекс, така што сега се наоѓа на 95-то место, од речиси 180 земји[3].

На 31 декември 2018 година Собранието ги изгласа измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ), каде се внесени најголем дел од забелешките и препораките на ЗНМ и на другите медиумски организации изнесени во неколку дебати низ процесот на јавна консултација. Во првата половина на 2019 година ЗНМ беше вклучено во работни групи за измена и дополнување на други релевантни закони за медиумскиот сектор[4]. Сепак, суштинска забелешка на ЗНМ е дека процесот на измени на овие закони е бавен, а дел од овие иницијативи се само во најава без конкретни чекори за имплементација[5].

Во текот на 2019 година немаше обиди од страна на државата да воведе лиценци за печатените или за онлајн медиумите. ЗНМ и Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ) реализираа иницијатива за регистрирање на професионалните онлајн медиуми, со цел да се подигне нивото на професионализација и стандардите во онлајн новинарството бидејќи во минатото имаше обиди на државата „да воведува ред“ во сферата[6].

Во текот на 2019 година не е регистриран обид од Владата или од друг државен орган да цензурира и филтрира интернет-содржини, односно оценката е дека правото на слобода на изразување во интернет-просторот слободно се користи од страна на граѓаните, медиумските или други организации.

3 Репортери без граници, Извештај на Репортери без граници за 2019 година, дел Северна Македонија. Пристапено на 15 март 2020 година: https://rsf.org/en/republic-north-macedonia

4 Првата работна група е формирана за измена и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, а втората работна група за изменување и дополнување на Изборниот законик во делот на предизборните медиумски кампањи. Сѐ уште нема утврден рок кога измените и дополнувањата би стапиле во сила. Покрај тоа, ЗНМ и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) пред Министерството за правда иницираа измени и дополнувања на Кривичниот законик со цел новинарите и медиумските работници, при вршењето на својата дејност, да имаат статус на службени лица, заради идна поголема безбедност на новинарите. Оваа иницијатива поради политичката криза е одложена од страна на Министерството за правда за 2020 година.

5 На пример, иако Законот за измена и дополнување на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда се предвидуваше уште во „Планот 18“ од 2018 година, работната група формирана од Министерството за правда во јуни 2019 година сѐ уште нема започнато да работи.

6 Регистарот на професионални онлајн медиуми кој беше промовиран во декември 2019 година како резултат на оваа иницијатива е достапен на веб-платформата www.promedia.mk.

Во минатите години, едно од најприоритетните прашања во дебатата за медиумски реформи беше потребата да се обезбеди независност на регулаторното тело – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Дел од измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) што беа усвоени во декември 2018 година имаа за цел зајакнување на независноста на регулаторното тело. Но, изборот на новиот состав на Советот на Агенцијата сѐ уште не е спроведен од страна на Собранието, поради партиски несогласувања во рамките на Комисијата за избор и именување на Собранието на РСМ. Во текот на годината, од страна на Агенцијата до ЗНМ пристигнаа дописи дека законски предвидените средства за работа на регулаторот не биле навремено и во целост исплаќани од страна на надлежните институции. Во врска со работата на Агенцијата во јавноста беа упатени одделни забелешки (кои се провлекуваа и во изминатите години) во поглед на ажурноста и независноста на ова тело[7], иако за 2019 година не можат да се дадат посериозни забелешки на нејзината работа.

И покрај одлуката на Владата на РСМ да запре секакво државно огласување во приватните медиуми, според истражувањето на ЗНМ направено за потребите на овој извештај, оваа одлука не се почитува од локалните власти. Начинот на кој се трошат буџетите на општините или на јавните претпријатија на локално ниво во приватните медиуми ја доведува во прашање нивната независна уредувачка политика и има ризик со ова негативно да се влијае врз новинарските содржини.

На дописот на ЗНМ во кој се бара да одговорат колку средства планирале да потрошат за разни намени во медиумите или за новинарите во 2019 година, од 80 општини одговориле само 43. Вкупната сума што овие 43 општини предвиделе да ја потрошат изнесува 25.766.153 денари. Од друга страна, од седум јавни претпријатија, одговориле само две: ЈКП Куманово – дека не планирале средства за таа намена и ЈКП Комуналец Прилеп, со планирана сума од 130.000 денари.

7 Во Четвртиот периодичен мониторинг извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), неколку невладини организации констатираат дека во периодот мај-август 2019 година, АВМУ зачестено реагирала: „... за притисоци и вербални напади врз новинари и медиуми од страна на политичари, претставници на власта и државни институции, што не беше константна практика во периоди, во минатото, кога бројот на политички напади и притисоци врз новинари и медиуми беше далеку поголем и почест“,стр.15. Пристапено на 15 декември 2019 година: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/11/chetvrti-periodichen-izveshtaj-za-rabotata-na-avmu-i-aek-maj-%E2%80%93-avgust-2019.pdf

Наодите од анализата потврдуваат дека локалните власти не ја почитуваат одлуката на Владата да не ги финансира приватните медиуми.

Во 2018 година Владата донесе одлука[8] со која за печатените медиуми од Буџетот се издвоени 50 милиони денари за покривање на трошоците за печатење и дистрибуција за 2017 година, и тоа во висина до 50 % за печатените медиуми на македонски јазик, и од 50 % до 70 % за печатените изданија на јазиците на етничките заедници. Праксата на државно субвенционирање на дел од печатените медиуми продолжи и во 2019 година и сумите беа слични како и во претходната година. Процесот генерално може да се оцени како транспарентен, бидејќи во комисијата која одлучуваше за средствата учествуваа и претставници на медиумски организации, меѓу кои и ЗНМ. Но, недостасуваат анализи за тоа колку овие средства придонесуваат кон подобрување на социо-економската положба на новинарите, дали се вложуваат во проширување на дописничката мрежа на националните весници и во подобрување на квалитетот на содржината[9].

Освен радио и ТВ-програмите на јазиците на етничките заедници во рамки на јавниот радиодифузен сервис, не постојат други механизми за финансирање на медиумите на јазиците на различните етнички заедници. Медиумите што објавуваат содржини на јазиците на малите заедници во РСМ не се атрактивни за огласувачите, така што тие со години се соочуваат со финансиски тешкотии да опстојат на пазарот. Недостасува соодветна медиумска политика за решавање на овој проблем, што се рефлектира врз вкупната плуралистичка слика во медиумите во РСМ.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за работата на МРТ се издвојуваат 0,8 % од годишниот буџет на РСМ, но во текот на 2019 година таа сепак се соочуваше со финансиски тешкотии бидејќи не ги добиваше сите потребни средства. Во извештајот на Репортери без граници за 2019 година се вели дека МРТ им служи на интересите на опозицијата. Сепак, начинот на кој МРТВ известуваше за претседателските избори одржани во мај 2019 година беше оценет како задоволителен, што е индикатор дека јавниот сервис настојува да известува објективно за теми од јавен интерес.

Според анализата на ААВМУ, буџетот на МРТ во 2018 година изнесувал 15.485.000 евра[10], а во 2019 се очекува да биде на истото ниво, што претставува проблем затоа што оваа сума е на ниво од 0,6 % од Буџетот и на МРТ ќе ѝ недостигаат 6 милиони евра за 2019 година. И покрај подобрувањето на законската основа за финансирање на МРТ, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) не ја почитува обврската да го обезбеди законскиот минимум за финансирањето на МРТ со што на МРТ ѝ се предизвикуваат дополнителни финансиски тешкотии и долгови кон државата[11].

## А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите

Клеветата и навредата беа декриминализирани во 2012 година со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. До крајот на 2019 година не се направени промени во законот, иако ова беше предвидено во Планот 18 на Владата, со цел измените да кореспондираат со новите европски трендови. Оформена е работна група во рамки на Министерството за правда за измена и дополнување на овој закон, во која учествува и претставник на ЗНМ, но во 2019 година не беше одржан ниту еден состанок.

Според информациите доставени до ЗНМ, заклучно со јули 2019 година, во Граѓанскиот суд Скопје имало 25 активни предмети за клевета или навреда во кои како странка се јавува новинар или медиум. Од друга страна, според статистиката на ЗНМ, списокот на 25 предмети до крајот на 2019 година е зголемен за најмалку пет случаи, со што бројот на активни предмети е околу 30. За разлика од претходната година, во 2019 имаше повеќе случаи кога високи партиски и државни функцио-

8 Влада на РСМ, „Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2018 год." Пристапено на 18 октомври 2019 година: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa_za_finansiska_poddrshka_za_pechatenje_i_distribucija_na_pechatenite_mediumi_za_2018_godina.pdf.

9 Во ноември 2019 година, еден од дневните весници на македонски јазик „Независен" престана да се издава поради финансиски тешкотии. Овој весник не беше дел од субвенционираните медиуми поради неисполнување на дел од критериумите.

10 Агенција за аудио и аудиовизуелни услуги, „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година". Пристапено на 19 октомври 2019 година: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2019/07/Анализа-на-пазарот-на-аудио-и-аудиовизуелни-медиумски-услуги-за-2018-година.docx.pdf

11 Заклучно со јуни 2019 година, според податоците на УЈП, долговите на МРТ по основ на данок на добивка изнесуваат 473.000 евра.

нери јавно упатуваа закани дека ќе тужат новинари за клевета и навреда[12].

До мај 2018 година праксата на Судот во Скопје и другите судови во РМ не беше синхронизирана во поглед на прашањето на клевета и навреда во онлајн медиумите. Во 2018 година ЗНМ достави писмена иницијатива до Врховниот суд на РСМ, со барање да ја усогласи судската пракса, а во мај 2019 година четирите апелациски судови донесоа заклучок дека онлајн медиумите кои како странки се јавуваат пред граѓанските судови во постапките за навреда и клевета, ќе се третираат еднакво со традиционалните медиуми.

Според адвокатите со кои соработува ЗНМ, кои застапуваат новинари во судски предмети за дела од клевета и навреда, судиите генерално ги земаат предвид одлуките на Советот за етика во медиумите (медиумското саморегулаторно тело) при начинот на водење на судската постапка. Покрај тоа, во образложенијата на пресудите во кои најмалку една од странките е новинар, често се цитираат случаи од Европскиот суд за човековите права, што претставува прогрес во споредбз со минатото.

Новинарите кои беа дел од фокусните групи[13] спроведени за потребите на оваа анализа сметаат дека тужбите за клевета и навреда повеќе се користеа како инструмент за притисок кон нив во минатото, иако загрижува фактот што во текот на 2019 година високи владини функционери неколку пати јавно се закануваа со тужби за клевета кон новинари.

Кон крајот на 2019 година, премиерот на РСМ Зоран Заев го искористи правото за граѓанска тужба за клевета против новинарот Зоран Божиновски за објава изнесена на фејсбук-профилот на новинарот во која тој пишувал за наводна инволвираност на премиерот во корупција. Овде е важно да се нагласи дека според препораките на Советот на Европа политичарите, особено оние на висока позиција, треба да имаат повисок праг на толеранција кон новинарска критика.

12 Пелагија Стојанчова, „Протекоа документи за Рекет, Заев, Димитров и Шекеринска најавуваат тужби", Радио Слободна Европа, 24 август 2019. Пристапено на 17 октомври 2019: https://www.slobodnaevropa.mk/a/30126949.html

13 За потребите на ова истражување беа спроведени две фокусни групи со вкупно 19 новинари, првата на 28 ноември 2019 со новинари од 7 медиуми, а втората на 29 ноември 2019 година, исто така со новинари од 7 медиуми.

## А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема конкретни одредби кои содржат експлицитни обврски на радиодифузерите за обезбедување политички баланс надвор од официјалниот период на изборна кампања. Сепак, начелата за вршење на дејноста содржат одредба[14] која се однесува на сите радиодифузери и која регулаторот ја користи како основа за мониторинг на нивното известување од распишувањето на изборите па сѐ до изборната кампања кога се применуваат одредбите предвидени во Изборниот законик. Обврските за МРТВ во однос на ова прашање, освен во овој член, се предвидени и во членот 110[15].

Иако не е дефинирана експлицитна обврска на регулаторот да го следи политичкиот плурализам и надвор од изборна кампања, сепак во општите надлежности на регулаторот е наведено дека „се грижи за заштитата и развојот на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги...", што го подразбира и политичкиот плурализам во кој било период. Регулаторот во минатите години има спроведувано анализи на политичкиот плурализам и надвор од изборен период, а исто така има усвоено и посебен Прирачник[16].

Во текот на 2019 година ниту регулаторот ниту друга организација има спроведувано анализа на политичкиот плурализам во вестите, така што е тешко е да се одговори попрецизно дали политичките партии имаат фер пристап кон аудиовизуелните медиуми надвор од избори. Но, генерална оценка на медиумските експерти интервјуирани за потребите на оваа анализа е дека „...состојбата денес е далеку подобра во споредба со периодот до 2016 година, кога највлијателните аудиовизуелни медиуми постојано известуваа под влијание на партијата на власт"[17].

14 Членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го уредува начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања".

15 Во членот 110, меѓу другото, се утврдува обврска на јавниот сервис: „да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање создавајќи и емитувајќи висококвалитетни програми за сите важни политички, економски, социјални, здравствени, културни, образовни, научни, религиски, еколошки, спортски и други настани и случувања...".

16 Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам на АВМУ, усвоен во 2012 година, достапен е на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Priracnik_1_Pluralizam_finalna.pdf

17 Интервју со д-р Снежана Трпевска, медиумски експерт од Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, реализирано на 21 декември 2019 година.

Политичкиот плурализам во време на изборна кампања се регулира со Изборниот законик, како за јавниот сервис така и за приватните медиуми, а регулаторното тело е овластено да врши мониторинг врз известувањето на радиодифузните медиуми. За претседателските избори во 2019 година, ААВМУ спроведуваше мониторинг и поведе вкупно четири прекршочни постапки против радиодифузери што е значително помалку во споредба со претходни избори[18]. Истовремено, Агенцијата во своите извештаи не утврди голем дисбаланс во известувањето на медиумите за одделни кандидати и политички партии.

## А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите

Во РСМ новинарската професија не подлежи на лиценцирање, но проблем е што во Законот за медиуми постои дефиниција за поимот новинар,[19] која од ЗНМ и од другите медиумски организации се оценува како основа за ограничување на слободното вршење на новинарската професија. Определувањето на тоа што е новинар и кој може да биде новинар не смее да биде предмет на закон, односно може да биде предмет само на саморегулација.

За разлика од 2018 година, кога акредитирањето новинари не беше тема, во 2019 година Владата отвори јавна дискусија за потребата од утврдување критериуми за издавање акредитации на новинарите за известување од јавни настани, во рамките на Предлог-планот[20] за одлучна акција против ширење дезинформации и против напади врз демократијата. ЗНМ упати јавна критика кон овој План со став дека дел од мерките се проблематични, укажувајќи дека: „Недореченоста на овие предлог-мерки може да се толкува како обид за ограничување на слободата на изразување, а со тоа да се нанесе штета во и така кревкиот медиумски сектор во нашата земја“[21].

2019 година ЗНМ забележа два случаи на попречување новинари да известуваат од настани. Во првиот случај новинарска екипа на МРТ беше попречена да известува од дворот на црква во населбата Лисиче во Скопје, за време на велигденските празници, „поради присуство на висока делегација“[22]. Во вториот случај, вработените во Министерството за образование и наука не дозволиле присуство на новинарите кои сакале да ја следат седницата на која Дисциплинската комисија требала да расправа за работата на еден од просветните инспектори[23]. Здружението на новинарите на Македонија го осуди и однесувањето на вработените во Уставниот суд кои на недозволив начин им наложија на новинарите да ја напуштат зградата на Судот. Новинарските екипи претходно беа повикани да ја проследат средбата меѓу претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати и амбасадорот на ЕУ во Скопје, Самуел Жбогар[24].

Поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија. Најголемо и најстаро здружение е ЗНМ, основано во 1946 година, член на Меѓународната федерација на новинари (МФН) и на Европската федерација на новинари (ЕФН). Бројот на редовни членови на ЗНМ во средината на 2018 изнесуваше 680, а во октомври 2019 година овој број е зголемен на 860 членови.

Во однос на заштитата на работничките права новинарите и медиумските работници се организирани во рамките на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници – ССНМ кој е самостоен и не е дел од ниту една синдикална организација на национално ниво. Постои и посебен синдикат на јавниот радиодифузен сервис кој не е дел на ССНМ. Според претставниците на ССНМ,

18 *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Преглед на поведени прекршочни постапки од АВМУ за претседателски избори 2019 година“. Пристапено на 21 октомври 2019: https://avmu.mk/претседателски-избори-2019/*

19 *Во членот 2, поимот новинар се дефинира како „лице кое собира, анализира, обработува или класифицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив, или лице кое реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)“.*

20 *Влада на РСМ, „Предлог-план за одлучна акција против ширење дезинформации“, (Во членот 14 на овој се вели: „Владата ќе воведе јасни критериуми за медиумите кои се акредитирани да ги следат владините настани и прес-конференции, во согласност со стандардите на новинарската професија“). Пристапено на 21 октомври 2019 година: https://znm.org.mk/знм-дел-од-мерките-во-планот-на-владата/*

21 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Дел од мерките во планот на Владата се проблематични“. Пристапено на 21 октомври 2019 година: https://znm.org.mk/знм-дел-од-мерките-во-планот-на-владата/*

22 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Осуда за попречување на работа на новинарска екипа пред црквата „Св. Апостоли Петар и Павле“, објавено на Нова ТВ на 29 април 2019. Пристапено на 21 октомври 2019 година: https://novatv.mk/znm-osuda-za-poprechuvane-na-rabota-na-novinarska-ekipa-pred-tsrkvata-sv-apostoli-petar-i-pavle/*

23 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Осуда за случувањата во МОН“, објавено на 19 јули 2019. Пристапено на 21 октомври 2019 година: https://znm.org.mk/знм-осуда-за-случувањата-во-мон/*

24 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Осуда за односот спрема новинарите во зградата на Уставниот суд“, објавено на 16 декември 2019 година. Пристапено на 15 февруари 2020 година: https://znm.org.mk/знм-осуда-за-односот-спрема-новинарит/*

најчеста форма на притисок врз новинарите членови на синдикатот е кога сопствениците или менаџерите на медиумите избегнуваат синдикалната членарина да ја пресметуваат од платата на новинарите, со што се случува тие да го изгубат статусот на членови на синдикатите. Според податоците на ССНМ, вкупно има 231 член на синдикатите што е повеќе од 20 проценти од бројот на вработени во медиумите.

Советот за етика во медиумите (СЕММ) е саморегулаторно тело кое постои од декември 2013 година и во кое врз доброволна основа членуваат издавачите на медиуми. Услов за членување во СЕММ е придржувањето кон принципите и етичките стандарди на Кодексот на новинари и прифаќањето на Статутот на СЕММ. Членките на СЕММ со тоа се обврзуваат и активно да се вклучат во процесот на медијација и да ги објавуваат одлуките на Комисијата за поплаки при ова тело. Кон крајот на 2019 година беа усвоени и критериуми за прифаќање на интернет-портали во Регистарот на професионални онлајн медиуми, кои подразбираат: транспарентност на сопственичката структура, објавување импресум, потпишување на објавените содржини од страна на новинарите/автори, задолжително регистрирање на онлајн медиумите како правни лица и др. Покрај СЕММ, при ЗНМ функционира и Совет на чест, како внатрешен саморегулаторен механизам, кој го следи почитувањето на Кодексот на новинарите од страна на новинарите членови на ЗНМ.

## А5 Заштита на изворите на информации

Правото на заштита на новинарскиот извор во РСМ е уставна категорија и тоа се гарантира со Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во 2019 година ЗНМ констатираше два случаи во кои беше загрозено правото на заштита на тајноста на изворите од страна на извршната власт.

Во јули 2019 година новинарот Љупче Златев бил повикан на разговор во МВР, каде што од него било барано да потврди дали тој е автор на објавите поврзани со сомнежите за сторени кривични дела од страна на Генералниот секретар на Владата на РСМ, како и да го открие изворот на објавените информации и снимки. Тој потврдил дека е автор, но одбил да даде информација за својот извор[25]. За реобјавување на истата вест, поради истата причина дополнително на разговор во МВР бил повикан и новинарот Горан Момировски од ТВ Алфа. Оваа пракса може негативно да се одрази на истражувачкото новинарство во медиумите, особено кога се објавуваат информации за незаконитости во работењето на носители на јавни функции или за други теми од јавен интерес.

Генерално, при работењето на истражувачки текстови, новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со изворите на информации. Со новиот Закон за заштита на укажувачите се уредени прашањата на заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите. Со измените на овој закон од 2018 година се изврши усогласување со меѓународните стандарди пропишани во оваа област и со него се обезбедува поголема заштита на укажувачите. Во таа насока новинарските извори се охрабрени и институционално се подобро заштитени. Сепак, оваа година во неколку наврати полицијата повикуваше новинари во полициска станица и бараше од нив да ги откријат своите извори на информирање. Во сите случаи новинарите се одлучија да не ги откриваат своите извори на информации, а ова може да се толкува како директен притисок врз новинарите за откривање на изворите.

## А6 Право на пристап до информациите

Собранието на РСМ  во мај 2019 година усвои нов Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, со кој Комисијата се трансформира во Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Но, ова тело, до средината на декември 2019 година, сè уште  работеше само со претседател, бидејќи постапката за избор на нови членови беше блокирана во Комисијата за избор и именување на Собранието на РСМ. Пред крајот на 2019 година, Собранието го избра директорот на ова тело според новиот закон и од крајот на 2019 година Агенцијата по подолг период повторно има надлежност да решава по претставки поведени за евентуалната повреда на ова право.

25 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ будно го следи случајот со МВР и новинарот Златев", објавено на 24 јули 2019 година. Пристапено на 15 февруари 2020 година: https://znm.org.mk/знм-будно-го-следи-случајот-со-мвр-и-нов/*

Нефункционалноста на ова тело во 2019 година негативно влијаеше врз обезбедувањето слободен пристап до информациите од јавен карактер, не само за новинарите туку и за граѓаните, а со тоа се доведуваше во прашање и транспарентноста на јавните институции. Во услови кога не функционираше второстепениот орган, граѓаните и новинарите беа спречени да ги добијат информациите кога институциите не им ги даваа, бидејќи немаа каде да се жалат, со исклучок на Управниот суд каде постапките за остварување на ова право се многу долги и скапи.

Според повеќето новинари вклучени во спроведените интервјуа и фокусни групи може да се заклучи дека најголем број институции се со „ограничена" транспарентност или со транспарентност до степенот што им одговара на тие што ја водат институцијата. Сепак, генерално, се оценува дека транспарентноста во 2019 година беше поголема одошто во претходните години. Владата на РСМ се оценува како државна институција со зголемена транспарентност, во однос на другите.

Судовите во Скопје, според новинарите кои учествуваа во фокусните групи, имаат значително подобра транспарентност во споредба со судовите во внатрешноста, додека за Собранието владее општо мислење дека е потранспарентно, иако често се случува да се одолговлекува доставувањето на бараните одговори. Во фокусните групи новинарите ја изнесоа и оценката дека е подобрена транспарентноста на правосудните органи, кои им дозволуваат дури да имаат со себе и телефони и да снимаат инсерти од рочишта. Од друга страна пак, „јавното обвинителство нема пракса за давање детални и навремени информации"[26].

Од друга страна, локалната самоуправа, според новинарите, се одликува со понизок степен на транспарентност, за што говори и констатацијата изнесена од дел од учесниците во фокусните групи: „Општина Тетово, на пример, со години нема објавено завршна сметка, што е карактеристичен пример за нетранспарентност"[27].

*26 Изјава на новинар во фокусна група реализирана на 29 ноември 2019 година.*

*27 Став на новинар во фокусната група реализирана на 29 ноември 2019 година.*

# Б

# Положбата на новинарите во редакциите

## Б1 Економски ограничувања на новинарската работа

Не постојат прецизни податоци за тоа колку новинари имаат договори за работа, но општа оценка е дека многу новинари во приватните медиуми имаат, главно, договори на определено време или хонорарни договори. Се смета дека просечната висина на новинарската плата е во рамки на просечната плата во државата, односно околу 25.000 денари нето. Ова се однесува главно на новинарите во поголемите медиуми во главниот град, додека во помалите места, просечните примања на новинарите се значително пониски[28].

На прашањето дали позицијата на новинарите е подобрена или влошена во однос на претходниот период, новинарите опфатени со фокусните групи не дадоа конкретни одговори со што се заклучува дека нема значителни промени. Останува фактот дека новинарите работат прекувремени работни часови, работат без компензација на празници и викенди и имаат ограничена слобода при изборот на теми на коишто ќе работат.

28 *Во оваа насока, новинар во рамки на фокус групата спроведена на 28 ноември 2019 година изјави: „Првиот договор за вработување ми беше со времетраење од една година, подоцна поради моите реакции кои се однесуваа на зачестената прекувремена работа која не беше платена, вториот договор ми беше склучен на пократок период“.*

## Б2 Независноста на новинарите од медиумските сопственици и менаџери

Не постојат објавени податоци или прегледи од кои може да се утврди колкав број приватни медиуми имаат внатрешни организациски акти или правила, според кои уредничкиот колегиум е и формално одвоен од менаџментот на медиумот. Од сознанијата со кои располага ЗНМ и од одговорите добиени низ разговорите со новинари, може да се заклучи дека вакви акти ретко постојат. Во поголемите медиуми е вообичаено редакциите да се одвоени од менаџерските структури, но често се случува директорите да вршат притисок врз редакциите од аспект на тоа дека треба да работат на начин со кој ќе се обезбедат повеќе приходи од спонзорства или огласување.

Единствениот кодекс што важи за сите професионални новинари е Кодексот на новинарите на Македонија, усвоен во 2001 година, според кој постапуваат и Советот на чест на ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија. Не постојат податоци за тоа дека приватните медиуми имаат свои посебни етички кодекси или правила.

Конкретни сознанија за притисок од страна на менаџментот кон новинарите постојат, но новинарите ретко ги пријавуваат. Притисоците најчесто не се изразени како директни закани, туку се суптилни и малку видливи[29]. Новинарите и понатаму не ги тужат уредниците и медиумските сопственици кога се прекршуваат нивните права. На пример, во моментов не постои отворен судски случај каде новинар тужи за мобинг, а исто така, нема ниту правосилна пресуда за ова дело.

Од друга страна, поврзаноста меѓу сопствениците на одделни медиуми и центрите на моќ често е на штета на новинарите што работат во овие медиуми. Иако медиумскиот регулатор во минатите години нема укажано на таква поврзаност или на скриена медиумска концентрација, сепак, во јавноста често беа објавувани информации за тоа дека дел од националните радиодифузни медиуми имаат само формален сопственик зад кој стојат центри на моќ поврзани со бизнис-елитата и политичките партии. Во 2019 година, се затвори националната кабелска телевизија 1ТВ поради вмешаност на дел од менаџментот во корупциски скандал за кој подоцна се отвори и судски случај познат во јавноста како „Рекет". Развојот на настаните поврзани со 1ТВ кои следеа во 2019 година дополнително го наруши угледот на новинарската професија, а се отворија и сомнежи за сериозна злоупотреба на медиумите на сметка на личното богатење на поединци.

Во 2019 година беа забележани два настани кои укажуваат на можен притисок од страна на менаџментот кон уредници во печатени медиуми. Така, во мај 2019 година, главниот и одговорен уредник на дневниот весник „Слободен печат", Бранко Героски, според неговите јавни укажувања, бил сменет од позицијата главен уредник од страна на менаџментот и сопствениците на медиумот, поради несогласувања во врска со уредувачката политика во медиумот за што тој и јавно укажал. Во ноември 2019 година, беше разрешен и главниот уредник на неделникот „Фокус", Зоран Димитровски. Самиот Димитровски јавно изјавил дека се сомнева оти можната причина е „..причина е серијата текстови во кои на сатиричен начин ја критикува актуелната владејачка гарнитура и премиерот Зоран Заев."[30]

## Б3 Независноста на новинарите во јавниот дифузер

МРТ во 2017 година, по неколкугодишни најави, усвои Етички кодекс за новинарите, креативните кадри и сите вработени во МРТ, што е и нејзина статутарна обврска[31]. Овој кодекс, кој е речиси три години на сила, уште од почетокот наиде на критики од новинарската заедница поради содржината на документот, но и поради отсуството на транспарентност при неговата изработка. Најголем недостаток на Кодексот е мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи. Етичката комисија при МРТ која е надлежна да прима претставки за евентуално прекр-

*29 За ова, во интервју реализирано со новинарка, таа изнесува:„Од претходните работни искуства, нема директни закани, само 'добронамерно' укажување". Интервјуто е реализирано од Дениз Сулејман на 25 ноември 2019 година.*

*30 МКД.мк, „Зоран Димитровски веќе не е одговорен уредник на „Фокус", се сомнева на притисоци од власта", објавено на 22 ноември 2019 година. Пристапено на 16 март 2020: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/zoran-dimitrovski-vekje-ne-eodgovoren-urednik-na-fokus-se-somneva-pritisoci-od*

*31 МРТ, „Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ", Скопје, 2017 година. Пристапено на 29 ноември 2019 година: http://www.mrt.com.mk/sites/default/files/Етички%20кодекс%20на%20МРТ_0.pdf*

шување на Кодексот не функционира[32], а нејзиниот претседател во ноември 2018 година поднесе оставка. Комисијата досега решавала само во врска со една суспензија и една дисциплинска постапка и нема информации дали имало и други случаи по кои постапувала.

Од спроведените интервјуа и фокусни групи може да се заклучи дека менаџментот, кој е близок со сегашната опозициска партија, сè уште има големо влијание врз редакциите и уредниците, а со тоа и врз начинот на кој работат новинарите во јавниот сервис[33]. Еден од учесниците во фокусните групи, кој порано бил вработен во МРТ, изјави: „Во МРТ директорот доаѓа од партијата на власт, тој го именува главниот и одговорен уредник, а тој останатите. Што значи ти во секој момент имаш ризик од цензура и телевизијата на моменти наликува на партиски штаб“[34].

На сите вработени во МРТ, во октомври 2019 година, им беа линеарно покачени платите во висина од 3.500 денари нето по лице, а исто така беше потпишан нов колективен договор со кој се гарантира исплатата на регрес за годишен одмор. Со ова, во извесна мера се подобрува стандардот на новинарите, медиумските работници и техничкиот кадар во МРТ, но сепак постои перцепција дека платите на новинарите, особено оние кои не се почетници, се пониски од платите на новинарите во националните приватни телевизии. Сепак, за разлика од дел од приватните медиуми, редовноста на исплатата на платите на вработените во МРТ никогаш не била проблематична, ниту пак сигурноста на нивните работни места, која е загарантирана со потпишаните договори за работа.

Тоа што е проблематично од аспект на независноста на јавниот сервис е зошто менаџментот на МРТ бара мислење за постојани и трајни вработувања од Министерството за финансии, во услови кога членот 104 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им го гарантира независниот статус на уредниците, новинарите и останатите вработени од државните органи и тела. Во овој член експлицитно стои дека тие не се третираат како јавни службеници.

Особено загрозена категорија новинари се дописниците на МРТ кои се помалку на број и имаат главно договори за привремен ангажман, коишто можат да бидат лесно раскинати. Во ноември 2019 година беше објавен оглас за хонорарно ангажирање на десет дописници, што е напредок за МРТ, иако ЗНМ се залага за поинаков модел со кој системски и трајно би се решила состојбата на оваа категорија новинари[35]. Од суштинско значење е сите новинари и снимател да бидат вработени со полно работно време, со договор на неопределено време.

## Б4 Независноста на новинарите во непрофитниот сектор

Во непрофитните медиуми спаѓаат радијата кои емитуваат најчесто содржини за млади и тоа на интернет, како и онлајн медиуми кои се занимаваат претежно со истражувачко новинарство и се финансираат доминантно или во целост од донаторска помош. Како непрофитни радиодифузни медиуми се сметаат и студентските радија кои во моментов функционираат во рамките на двата државни универзитета, УКИМ во Скопје и УГД во Штип.

Дел од информативните непрофитни онлајн медиуми се регистрирани како здруженија на граѓани и досега нема спроведено детална анализа за нивната работа и за статусот и независноста на новинарите во нив. Редакциите на овие медиуми се мали и вклучуваат неколку новинари кои работат на дневна основа, а финансирањето е нестабилно и неодржливо имајќи предвид дека овие медиуми зависат од странски донации и грантови. Најголем дел од овие медиуми го имаат прифатено или се однесуваат според Етичкиот кодекс, за чие спроведување се грижи СЕММ.

Притисокот кон непрофитните медиуми од кои дел се занимаваат со истражувачко новинарство е намален во споредба со периодот до 2016 година, кога новинарите и уредниците од овие медиуми често беа во јавноста дискредитирани на лична основа и кон нив се користеше говор на омраза поради критичките текстови за тогашните власти и моќници.

Во 2019 година во ЗНМ беа пријавени две посериозни закани кон новинари на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ). Во првиот слу-

32 Здружение на новинарите на Македонија, „Реформа или проформа: Функционалноста на етичката комисија во МРТВ“, објавено на 22 ноември 2019 година. Пристапено на 5 декември 2019 година: https://znm.org.mk/реформа-или-проформа-функционалност/
33 Фокусна група реализирана со новинари на 29 ноември 2019 година.
34 Ibid.

35 Здружение на новинарите на Македонија, „Документ за јавни политики: Статус и потреба на дописниците во Република Северна Македонија“, Скопје: август 2019 година: https://bit.ly/2WV9b9W

чај, беа упатени закани по живот кон новинар кој истражувал незаконско работење на угостителски објекти и дискоклубови во Скопје. Втората закана беше упатена кон новинарката Маја Јовановска на која ѝ била испратена аудиопорака со звук од експлозија на бомба. Според сите индиции, пораката ѝ била упатена поради нејзиното истражување на злоупотребите на градежни компании во скопската населба Тафталиџе[36].

## Б5 Слободата на новинарите во процесот на продукција на вестите

Слободата на новинарите во изборот на темите за кои ќе известуваат, според сознанијата добиени од спроведените интервјуа и фокус групи, оваа година се чини е зголемена[37]. Сепак, изборот на темите за известување во регионалните и во локалните медиуми е поголем проблем за новинарите поради малата средина во која функционираат овие медиуми, како и поради изразените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и другите локални моќници, како и сè полошата финансиска состојба во која се наоѓаат овие медиуми.

Сепак, отворено се зборува и за влијанието на дел од уредниците врз новинарите, во смисла дека тоа влијание врз секојдневно работење не е така видливо, односно дека има повеќе самоцензура отколку директни притисоци. Новинарите тврдат дека во редакциите однапред се знае кои теми се прифатливи, кои теми уредникот ќе ги оцени како одлични, а кои ќе ги отфрли, како и дека постои слободен простор за избор на теми, но често има примери на „...интервенции од страна на редакцијата, од сопственоштвото“[38]. Секако, не може да се пишува во негативен контекст за спонзорите што ја финансираат редакцијата, бидејќи во тој случај „...може да настанат конфликти“[39].

Изборот на темите за известување во регионалните и во локалните медиуми е уште поголем проблем за новинарите поради малата средина во која функционираат овие медиуми, како и поради изразените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и другите локални моќници како и сè полошата финансиска состојба во која се наоѓаат овие медиуми.

## Б6 Положбата на жените во новинарството

Општа проценка[40] е дека положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од положбата на новинарите. Нема податоци за тоа колку новинари и новинарки имаат потпишано работни договори, но се смета дека работодавачите, генерално, кога станува збор за новинарки вработени на неодредено време, ги почитуваат основните права што на жените им се пропишани со законот, какви што се исплата на плати, породилно отсуство и платен одмор[41]. Сепак, има медиуми во кои и на новинарките и на новинарите не им се плаќаат празничните денови, работата за време на викенд и прекувремените часови.

Што се однесува до висината на платите, не постојат понови официјални податоци, но од претходно спроведените истражувања може да се заклучи дека платите на новинарите се генерално ниски и дека нема разлика кога станува збор за мажи или жени новинари. Во јули и август 2017 година Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници спровел анкета според која речиси 45 % од македонските новинари примале плата пониска од државниот просек, кој изнесувал 22 808 денари, а 85 % имале плата помала од 500 евра месечно[42]. Сепак, истата анкета открила голема разлика меѓу новинарската и уредничката плата, особено во телевизиите. Новинарската плата се движела помеѓу 19 000 и 24 000 денари,

36 *ИРЛ.мк, „Реакција на ЗНМ: Закани кон екипата на ИРЛ, сериозен обид да се замолчи истражувачкото новинарство“, објавено на 30 декември 2019 година. Пристапено на 16 март 2020 година: https://irl.mk/reaktsia-na-znm-zakani-kon-ekipata-na-irl-seriozen-obid-da-se-zamolchi-istrazhuvachkoto-novinarstvo/*

37 *Забележителна беше изјавата на една од учесничките во фокусните групи: „Можам да кажам дека ја толерирам ниската плата, баш поради слободата што ја имам за избор на теми, да пишувам за сè што ме интересира. Имаме целосна слобода, никаква цензура. Тоа многу ми помага да се изградам како новинар“. Фокусна група реализирана со новинари на 29 ноември 2019 година.*

38 *Изјава на новинар од медиум на локално ниво. Интервју реализирано од Драган Секуловски, на 26 ноември 2019 година.*

39 *Ibid.*

40 *Соња Трајковска Димитрова, „Структурната положба на жените новинари во медиумите во Македонија“, (Скопје: Македонски институт за медиуми, објавено во декември 2018 година), стр. 8. Пристапено на 9 март 2020 година: https://www.mim.org.mk/attachments/article/1136/ Strukturanata%20polozba%20na%20zenitenovinari%20vo%20mediumite_fin.pdf*

41 *Ibid, стр.8.*

42 *Тамара Чаусидис, „Платата во медиумите заглавена под просекот“, ССНМ, објавено на 21 август 2017. Пристапено на 9 март 2020 година: www.ssnm.org.mk/komentari/платата-во-медиумите-заглавена-под-пр*

додека онаа на уредниците варирала од 40 000 до 50 000 денари, со исклучок на главните уредници, чии примања достигале и до 120 000 денари[43].

Според исказите на самите новинари и новинарки, генерално, можностите на жените да се развијат како професионални новинари и да напредуваат во кариерата не се многу помали во споредба со можностите на нивните колеги новинари[44]. Достапните податоци за аудиовизуелниот сектор го потврдуваат овој заклучок: во телевизиските редакции жените се дури и побројни од нивните колеги новинари. Така, на крајот на 2018 година во радиодифузните медиуми имало вкупно 540 новинарки и 370 новинари[45], а бројот на урednички и уредници бил речиси изедначен – 105 жени и 108 мажи на уреднички позиции. Меѓутоа, кога станува збор за раководните позиции во медиумите, доминацијата останува кај мажите – според истата анализа, во декември 2018 мажите биле двојно побројни (74) од жените (32)[46].

Во 2019 беа регистрирани вкупно 24 физички напади и закани против новинари, од кои половина беа случаи беа против новинарки. Не може да се каже дека новинарките во овие случаи биле предмет на напад само заради тоа што се жени, ниту пак во нападите имало директни навреди и коментари поврзани со нивната родова припадност. Сепак, во некои претходно реализирани истражувања новинарките нагласувале дека често се среќаваат со лични навреди и сексизам во работата[47].

---

*43 Ibid.*
*44 Соња Трајковска Димитрова, „Структурната положба на жените новинари во медиумите во Македонија“, (Скопје: Македонски институт за медиуми, објавено во декември 2018), стр. 6. Пристапено на 9 март 2020 година: https://www.mim.org.mk/attachments/article/1136/Strukturanata%20polozba%20na%20zenitenovinari%20vo%20mediumite_fin.pdf*
*45 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2018 година“, објавено во септември 2019 година. Пристапено на 9 март 2020 година: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2019/09/Структура-на-вработените-во-аудио-и-аудиовизуелна-медиумска-индустрија-во-2018-година.pdf*
*46 Ibid.*
*47 Во прилог на оваа констатација сведочат нападите врз две новинарки (Мери Јордановска и Искра Коровешовска) што се случија во јануари 2020 година, непосредно по завршувањето на овој извештај.*

B

# Безбедноста на новинарите

## В1 Статистика за напади врз новинарите и за неказнивоста

Безбедноста на новинарите во Република Северна Македонија во 2019 година се подобри во споредба со претходните неколку години, иако сѐ уште е присутна политиката на неказнивост за насилство врз новинари. Бројот на регистрирани физички напади и закани против новинари во 2019 година, споредбено со 2018 година, се зголеми за еден, но сѐ уште е значително помал во споредба со 2017 година. Во последните три календарски години, во периодот од 2017 до 2019 година, ЗНМ во својот регистар вкупно забележа 27 напади кон новинари и медиумски работници и тоа за 2017 година вкупно 20, 2018 година 3 и за 2019 вкупно 4 напади. Покрај четирите посериозни напади врз новинари регистрирани во 2019 година, ЗНМ забележал и 24 други закани и инциденти. Во последниве 15 години, формално органите не воделе истрага за убиство на новинар или медиумски работник во државата.

**Број на забележани напади врз новинари во 2019 година**

| Категории | Број (на напади) | Опис |
|---|---|---|
| Закана по живот и тешки телесни повреди | 4 | Вербални и пишани закани кон телесниот интегритет, вклучувајќи и смртни закани, упатени директно или преку трето лице, преку електронска или директна комуникација. Заканите можат да бидат имплицитни или експлицитни и да опфаќаат закани за убиство кон семејствата на новинарите, нивните колеги или на изборите. |
| Останати закани спрема новинари | 14 | Закани кои вклучуваат надзор или следење, вознемирувачки телефонски повици, произволно судско или административно вознемирување, агресивни изјави од страна на јавни службеници или други форми на притисок кои можат да ја загрозат сигурноста на новинарите во извршувањето на нивната професионална дејност. |
| Закани упатени спрема медиумски куќи и организации | 2 | Вербални или писмени закани за напади врз имотот или вработените во медиумите упатени директно или преку трети лица по електронски пат или преку директна комуникација. Тие можат да бидат имплицитни или експлицитни и да опфаќаат упатување /алудирање на одредена медиумска куќа или на вработените во неа. |
| Напади врз новинари | 1 | Нападите можат да вклучуваат физичка или психичка повреда, киднапирање, упад во стан/канцеларија, одземање опрема, притвор, обид за убиство итн. |
| Убиство на новинари | 0 | Вклучени се сите видови убиства. |
| Напади врз медиумски куќи и организации | 3 | Напади врз имотот на медиумските куќи и организации, нивните вработени, одземање на опремата, агресивни изјави од страна на службениците, итн. |

Првиот случај е физички напад на новинарката Мирјана Мирчевска Јовановиќ од Канал 5, од страна на припадник на приватната агенција за обезбедување „Никоб". За овој инцидент, самата новинарка го изјавила следното: „Искрено, скоро една година по известувањето за Водици, не можам да разберам зошто толкав порив за агресија од луѓе кои биле ангажирани да го обезбедат човекот кој го фатил светиот крст и свештениците кои даваат благослов за тој ден. Такво буткање од страна на луѓе на Агенцијата за обезбедување 'Никоб', небаре ние новинарите ќе го земевме крстот, е неразбирливо. А само малку пред тоа им се претставив дека сум новинарка".

Вториот напад е вербална закана по живот кон уредникот Ацо Кабранов од страна на локален бизнисмен. Заканата се случи телефонски, за што извести и медиумот во кој уредникот е ангажиран.

Третиот случај е вербална закана и физички напад врз екипата на ТВ 21 во општина Арачиново, со елементи на противправно лишување од слобода, за што беа објавени и аудио и видеоснимки од страна на медиумот. Случајот официјално не е пријавен во МВР, поради што Министерството тврди дека не е во можност да покрене постапка. ЗНМ повеќепати јавно укажуваше дека поради природата на делото потребно е самото Обвинителство да преземе дејствија по службена должност.

Четвртиот регистриран напад е врз новинарката Маја Јовановска од Истражувачката репортерска лабораторија, кога на нејзиниот телефон била испратена аудиопорака со звук на експлозија на бомба. Таа за инцидентот пријави во ЗНМ, за што имаше јавни реакции, но тој не беше процесиран од МВР бидејќи, според нив, новинарката не го пријавила случајот во полициска станица.

Покрај овие четири напади, беа регистрирани и повеќе непримерни јавни настапи на владини функционери[48], претставници од Парламентот[49], од Уставниот суд[50], но и претставници на политички

48 *Здружение на новинарите на Македонија, „Министрите да се воздржат од изјави кои се сфаќаат како закани или етикетирање", објавено на 30 јануари 2019. Пристапено 21 декември 2019 година: https://znm.org.mk/министрите-да-се-воздржат-од-изјави-ко/*

49 *Здружение на новинарите на Македонија, „Осуда за ширењето дезинформации на пратеникот Стеванаnција за новинарите Јованоски и Христов", објавено на 18 јули 2019 година. Пристапено 21 декември 2019 година: https://znm.org.mk/осуда-за-ширењето-дезинформации-на-пр/*

50 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Осуда за односот спрема новинарите во зградата на Уставниот суд", објавено на 16 декември 2019 година. Пристапено 21 декември 2019 година: https://znm.org.mk/знм-осуда-за-односот-спрема-новинарит/*

партии[51], во кои тие напаѓаат или навредуваат новинари. ЗНМ повеќепати реагираше на ваквите настапи нагласувајќи дека со тоа се повредува интегритетот на целата новинарска професија, особено кога доаѓаат од Претседателот на Владата[52], министрите, лидерот на најголемата опозициска партија[53] или други носители на високи јавни функции.

Во 2019 година, исто така, беше забележана негативна пракса службеници од Владата, во повеќе наврати, често во текот на работното време, да објавуваат содржини на своите профили на социјалните медиуми во кои напаѓаат или навредуваат новинари. Објавите често беа одговор на критички текстови на новинари или на наводни „нецелосни" информации за работата на Владата. Овие објави, бидејќи доаѓаат од поединци кои се државни службеници, може да се толкуваат како притисок на властите кон критичкото новинарство[54].

Во 2019 година, бројот на негативни медиумски кампањи кон критички медиумски организации е намален, иако истите сѐ уште се користат како инструмент за притисок. На пример, на социјалната мрежа Твитер од страна на анонимни, но политички активни профили се водеше негативна кампања против ЗНМ, со објавување имиња и фотографии на сите членови на управните тела на ЗНМ проследени со бројни навреди и омаловажувања. Освен тоа, дел од медиумите известуваа неетички, пристрасно и непрофесионално во случаите кога ЗНМ ги критикуваше постапките на владините функционери или на претставниците на опозицијата кон новинарите.

Процентот на целосно расчистени предмети на напади врз новинари е мал и тоа многу загрижува од аспект на неказнивоста на извршителите. Судска разрешница дочекуваат помеѓу 5 до 10 % од регистрираните предмети на повреди на правата на новинарите кои се наоѓаат во регистарот на напади на ЗНМ за последните пет години. Од друга страна, од четирите сериозни напади во 2019 година, најсериозен напад беше киднапирањето на новинарската екипа на ТВ 21 во април. За овој предмет Јавното обвинителство не покрена истрага со образложение дека новинарите не го потпишале исказот во полиција. ЗНМ неколкупати јавно го повика обвинителството да отвори истрага за предметот по службена должност, меѓутоа од таму известија дека не нашле елементи на кривично дело. Министерството за внатрешни работи, пак, го оквалификувало овој напад како поплака и не продолжиле со понатамошна постапка бидејќи новинарите не го потпишале записникот.

Освен ова, на средбите со МВР[55] постојано се инсистираше на побрзи и поефикасни истраги за нападите врз новинарите, но и за подобрување на условите за работа на новинарите и медиумските работници кога известуваат од просториите на оваа институција. По сугестија на ЗНМ, како и по укажување за тој недостаток во извештаите на меѓународните институции, Министерството за внатрешни работи започна да води евиденција за напади врз новинарите и медиумските работници. ЗНМ со Народниот правобранител во мај 2019 година, потпиша Меморандум за соработка преку кој двете институции се заложија да работат активно во иднина на теми поврзани со безбедноста на новинари.

Во контекст на осудите на насилствата врз новинарите и повиците за побрзо расчистување на тие напади, Европската комисија во годишниот извештај за напредокот на Македонија во 2019 година повторно го третира прашањето за безбедноста на новинарите и препорачува: „земјата да продолжи со посветување внимание на брзото и ефективно следење на сите случаи на физичко и вербално насилство врз новинарите од страна на полицијата и судските органи".

## В2 Однесување на државните институции и политичките актери кон безбедноста на новинарите

Кога е во прашање (не)постапувањето на институциите по однос на нападите врз новинарите сѐ уште е многу висок степенот на неказнивост. Во кругот кој го формираат Министерството за внатрешни ра-

51 *Здружение на новинарите на Македонија, „Осуда за навредите на портпаролот Димче Арсовски кон новинарот Фуркан Салиу", објавено на 20 декември. Пристапено 21 декември 2019 година: https://znm.org.mk/осуда-за-навредите-на-портпаролот-дим/*

52 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ ја осудува изјавата на Заев и бара јавно извинување", објавено на 13 август 2019 година. Пристапено на 21 декември 2019 година: https://znm.org.mk/знм-ја-осудува-изјавата-на-заев-и-бара-ј/*

53 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Осуда на Мицкоски за објавата со која етикетира новинари на 1ТВ", објавено на 15 август 2019 година. Пристапено на 21 декември 2019 година: https://znm.org.mk/знм-осуда-на-мицкоски-за-објавата-со-ко/*

54 *Срѓан Стојанчов, „Влада, лажни вести и лажни демантии", Радио Слободна Европа, 6 август 2019 година. Пристапено на 17 октомври 2019 година: https://www.slobodnaevropa.mk/a/владата-падна-на-првата-кривина-во-борбата-против-лажните-вести/30094947.html*

55 *Здружение на новинарите на Македонија, „Секцијата на сниматели при ЗНМ на средба во МВР", објавено на 8 август 2019 година. Пристапено на 19 декември 2019 година: https://znm.org.mk/секцијата-на-сниматели-при-знм-на-сред/*

боти, Јавното обвинителство и судовите речиси секогаш затајува барем една од овие три институции. Во последните две години, за жал, ова е сѐ понагласено кај Јавното обвинителство кое во неколку случаи на напади на новинари воопшто нема преземено дејствија, а во случаите кога има покренато истраги ги води мошне бавно и неефикасно.

Во 2019 година повторно се бележи тренд на јавна осуда кон нападите врз новинарите и медиумските работници за дел од случаите за кои ЗНМ јавно реагираше. Пример за ова се инцидентите со екипата на ТВ 21 во Арачиново, кога јавно реагираше градоначалничката Миликие Халими[56], која го осуди инцидентот и бараше итна и ефикасна истрага од страна на МВР. За овој инцидент исто така реагираше и претставникот на ОБСЕ за слободата на медиумите Харлем Дезир[57]. Тој го осуди заплашувањето и заканите спрема новинарите, а во јавните осуди се приклучи и Регионалната платформа на западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и за заштита на новинарите.

Министерството за внатрешни работи има интерен регистар за напади врз новинари, но тие податоци не ги објавува јавно. За потребите на оваа анализа, на 15 октомври 2019 година Министерството за внатрешни работи на ЗНМ му достави детален опис на сите напади врз новинари кои биле пријавени во МВР. Редовно ажуриран регистар[58] на напади и закани кон новинари води единствено Здружението на новинарите на Македонија. Регистарот е јавно достапен на веб-страницата на Здружението.

Досега војската и полицијата немаат усвоени внатрешни документи, кои ги подучуваат нивните припадници како да се однесуваат со новинарите. Овие институции немаат ниту правилници или други документи што забрануваат закани, заплашувања или напади врз новинари. Но, во 2020 година ЗНМ во соработка со Меѓународниот центар за превенција и борба против насилен екстремизам започна проект во соработка со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Еден од резултатите на оваа активност, освен повеќе обуки со новинари, е и креирањето протоколи и нивно прифаќање од страна на институциите и медиумите во насока на етичко информирање за прашања поврзани со теми за превенција и борба против насилен екстремизам.

Со цел подобрување на безбедноста на новинарите и ставање крај на неказнивоста на нападите врз новинарите, ЗНМ соработува со речиси сите релевантни институции во државата. Оваа година беа одржани шест работилници, во секој од поголемите градови во државата, на кои учествуваа новинари, медиумски работници и припадници на полицијата. Исто така, на тема безбедност на новинарите и подобра соработка со полицијата беа организирани повеќе работилници на кои учествуваа претставници на ЗНМ, а беа организирани од Секторот за внатрешна контрола при МВР. Во насока на интензивирање на соработката, на 30 декември 2019 година беше потпишан и Протоколза соработка меѓу ЗНМ и Министерството за внатрешни работи[59]. Овој документ на некој начин претставува надградување на етичкиот кодекс на полицијата, но исто така ги дава насоките за соработката меѓу новинарите и полицијата, со цел поголема безбедност на новинарите во вршењето на професионалните задачи.

Веќе втора година по ред Здружението на новинарите на Македонија организира настан за одбележување на 2 ноември, Меѓународниот ден за прекинување на неказнивоста на злосторствата против новинарите[60].

Освен големата афера за прислушување во 2015 година, кога стотина новинари беа на списокот за прислушување на тајната полиција, ЗНМ нема сознанија дека во 2019 година некој новинар бил изложен на електронско следење од властите. Останува непознато во која фаза е судскиот спор во однос на ова прашање и дали воопшто истиот се процесира со цел да се утврди повреда на правата на новинарите кои беа прислушкувани во 2015 година.

56 *„Градоначалничката на Арачиново го осуди нападот врз екипата на ТВ 21", Слободен печат, 17 април 2019 година. Пристапено на 18 декември 2019: [https://www.slobodenpecat.mk/gradonachalnichkata-na-arachinovo-go-osudinapadot-vrz-ekipata-na-tv21/](https://www.slobodenpecat.mk/gradonachalnichkata-na-arachinovo-go-osudinapadot-vrz-ekipata-na-tv21/)*

57 *МКД.мк, „Дезир: Нападот врз екипата на ТВ21 е напад врз слободата на медиумите", објавено на 15 април 2019. Пристапено на 18 декември 2019: [https://www.mkd.mk/makedonija/politika/dezir-napadot-vrzekipata-na-tv21-e-napad-vrz-slobodata-na-mediumite](https://www.mkd.mk/makedonija/politika/dezir-napadot-vrzekipata-na-tv21-e-napad-vrz-slobodata-na-mediumite)*

58 *Здружение на новинарите на Македонија, „Случаи на повреда на правата на новинарите", објавено во мај 2019 година. Пристапено на 17 декември 2019: [https://znm.org.mk/извештаи/случаи-на-повреда-на-правата-на-новин-14/](https://znm.org.mk/извештаи/случаи-на-повреда-на-правата-на-новин-14/)*

59 *Здружение на новинарите на Македонија, „Протокол за соработка помеѓу ЗНМ и МВР", објавен во декември 2019 година. Пристапено на 3 јануари 2020: [https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/01/Протокол-за-соработка-на-ЗНМ-и-МВР.pdf](https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/01/Протокол-за-соработка-на-ЗНМ-и-МВР.pdf)*

60 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ: Да се забрзаат сите процеси за расчистување на нападите врз новинарите", објавено на 1 ноември 2019 година. Пристапено на 19 декември 2019: [https://znm.org.mk/знм-да-се-забрзаат-сите-процеси-за-расч/](https://znm.org.mk/знм-да-се-забрзаат-сите-процеси-за-расч/)*

## В3 Ефикасноста на судскиот систем во заштитата на новинарите

Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје веќе трета година по ред не е во можност да даде детални информации во врска со фазата на постапување за предметите во кои новинарите се жртви. Нивното оправдување е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките. Исклучок е Основниот граѓански суд кој води неформален регистар за делата клевета и навреда. Неказнивноста кон сторителите останува висока и судска разрешница е констатирана во помалку од 10 % од регистрираните случаи, кои се вкупно 56 во периодот од април 2014 заклучно со декември 2019 година.

Посебни процедури за третирање на нападите врз новинарки не постојат во институциите. Во судско-обвинителскиот систем во Македонија не постојат посебни одделенија кои работат на истраги за случаите на прогон, заштита и обесштетување на новинари, со цел да се осигура нивната безбедност и да се спречи политиката на неказнивост. Специјални постапки не се применуваат ниту за случаи кога жртви на напади се новинарки. Судството и обвинителството никогаш не се пожалиле јавно дека предметите на новинарите не можат да ги водат ефикасно поради отсуство на човечки и материјални ресурси.

Во однос на капацитетите на институциите да спроведуваат ефикасни истраги, на иницијатива на ЗНМ и ОБСЕ, а во соработка со МВР, Обвинителството и основните судови во Скопје, во 2018 и 2019 година беа организирани низа обуки за полициски службеници, обвинители и новинари на тема слобода на говор и безбедност на новинари. Холандската амбасада во Скопје исто така го поддржа ЗНМ во процесот на спроведување на овие обуки за 2019 година. Сепак, според институциите, освен помош во делот на обука и активности за кревање на свеста на вработените поврзани со темите за безбедноста на новинарите потребни им се и дополнителни ресурси, опрема и техничка модернизација.

Оваа година не бележиме случаи на физичко обезбедување од МВР за поединечни новинари, но има еден случај каде новинар на Проектот за известување за организиран криминал и корупција[61] четири месеци беше обезбедуван од страна на физичкото обезбедување. Генерално, новинарите не сакаат да имаат физичко обезбедување бидејќи тоа може да влијае на нивната слободна работа и обезбедувањето нови информации.

Во поглед на работата на институциите и расчистувањето на нападите врз новинарите постои извесна некоординираност и слабост во меѓуинституционалната комуникација, а таа е највоочлива помеѓу МВР и ОЈО. Тоа влијае предметите односно истрагите да траат предолго дури и кога се работи за очигледни предмети кои можат лесно да се докажат. На пример, поранешниот претседател на ЗНМ, Насер Селмани доби заканувачки пораки на Фејсбук. Лицето кое се заканувашe дури и јавно призна дека го сторило тоа, а ОЈО и МВР и по година и половина не можат да го расчистат овој случај. Овој неажурен однос на институциите доведува до ситуација напаѓачите да се охрабруваат да напаѓаат новинари бидејќи знаат дека правдата веројатно никогаш нема да ги стигне. Оттаму, ЗНМ смета дека истрагите се недоволно ефикасни, а мерките за заштита се несоодветни.

Академијата за обука на судии и јавни обвинители во соработка со ЗНМ ќе продолжи да спроведува обуки со новинари и претставници на правосудството во 2020/21 година, а освен тоа, теми поврзани со слободата на изразување се дел и од редовниот курикулум за обуки на Академијата, наменети за судии и обвинители.

Во поглед на соработката со институциите, ЗНМ одржа консултативни средби со речиси сите институции кои треба да ја гарантираат безбедноста на новинарите, вклучувајќи ги претседателите на Основното јавно обвинителство, Основниот кривичен суд и Основниот граѓански суд. Со цел да се намали процентот на неказнивост на нападите врз новинарите, ЗНМ соработуваше и одржуваше средби со Кривичниот суд во Скопје[62], како и со Основното јавно обвинителство[63]. На овие средби се разговараше за организација на заеднички обуки и работилници за новинари, судии и обвинители со цел да се подобри известувањето на новинарите и постапувањето на обвинителите за случаи поврзани со слобода на говорот.

61 *Organized Crime and Corruption Reporting Project*

62 *Здружение на новинарите на Македонија, „Чадиковски на средба со претседателот на Кривичниот суд во Скопје Иван Џолев", објавено на 27 март 2019 година. Пристапено на 19 декември 2019: https://znm.org.mk/чадиковски-на-средба-со-претседатело/*

63 *Здружение на новинарите на Македонија, „ЗНМ на средба со Јовески: ОЈО да престане со прогонот кон Кежаровски", објавено на 31 мај 2019 година. Пристапено на 19 декември 2019: https://znm.org.mk/знм-на-средба-со-јовески-ојо-да-престан/*

**Преглед на пет посериозни случаи на закани кон новинари од изминатите 5 години:**

| Година<br>Случај | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Новинарска екипа на ТВ 21 - откако екипата на ТВ 21 снимила прилог во врска со поплаките на жителите на општина Арачиново во врска со лошата инфраструктура, роднини на градоначалничката Миликије Халими упатиле вербални закани кон телевизиската екипа дека ќе им ја искршат камерата и барале снимките да бидат избришани. | | | | | Случајот не беше пријавен во полиција, но Здружението на новинарите на Македонија во неколку наврати ги повикуваше полицијата и Јавното обвинителство да отворат истрага. Сепак, обвинителство одлучи да не постапува по допрен глас. |
| 2. Насер Селмани - новинарот и тогашен претседател на Здружението на новинари на Македонија примил порака со смртни закани од Бејтула Асани, брат на Бекир Асани кој е поврзан со владејачката политичка партија ДУИ. | | | | Случајот е пријавен во полиција, а Обвинителството има отворено истрага. Досега се повикани да дадат исказ и Насер Селмани и заканувачот. | Случајот е во тек пред Основното јавно обвинителство. |
| 3. Арманд Брахо - насилници од редовите на партијата Алијанса за Албанците го нападнале новинарот Арманд Брахо за време на конференција, на која тој бил уредно поканет. | | | | Случајот е пријавен во полиција. Судот ги казни напаѓачите со парична казна. | |
| 4. Група новинари – повеќе новинари и медиумски работници беа нападнати од толпата која насилно влезе во Парламентот на 27.04.2017 година. | | | Случајот е пријавен во полиција. Обвинителството нема преземено никакви мерки. | Обвинителството ги гони лицата кои нападнаа политичари, а не ги гони лицата кои нападнаа новинари и медиумски работници. | Адвокатите на ЗНМ застапуваат 7 новинари и во нивно име ќе поднесат 4 тужби од кои 3 се поединечни и една е групна за 3 новинари. |
| 5. 5. Владимир Желчески и Александар Тодоров, известувајќи на големиот протест „За заедничка Македонија“ двајцата новинари биле физички нападнати од непознати лица, учесници на протестот, бидејќи не припаѓале на провладин медиум. Биле удирани повеќепати, поради што претрпеле телесни повреди, по што биле задржани во болница 24 часа. | | | Случајот е пријавен во полиција и Јавното обвинителство има отворено истрага. | Судот изрече казна затвор од 6 месеци за напаѓачите. | |

# Анализа и заклучоци

Владата, формирана во јуни 2017 година, и во предизборните ветувања и откако стапи на власт  постојано ветуваше подобрување на состојбата со слободата на говорот, првенствено преку подобрување на законската регулатива со која се уредува работата на медиумите. Слободата на говорот во изминативе три години е евидентно подобрена, пред сè како резултат на зголемената политичка волја за ослободување од притисоците и цензурата, што беа претходно присутни. Сепак, законите доцнеа. До крајот на 2018 година речиси ниедна од најавените законски промени не беше усвоена во Парламентот, а до крајот на 2019 година не беа спроведени ниту почетните чекори за реформирање на јавниот радиодифузен сервис и за зајакнување на капацитетите и независноста на медиумскиот регулатор. За блокираните реформи во Парламентот, Владата постојано ја напаѓаше  опозицијата и обратно. Од друга страна, референдумот во 2018 година, Претседателските избори во 2019 година, како и важните надворешно-политички прашања за решавање на децениските спорови со соседните земји на РСМ исто така беа користени како изговор за одложувањето на системските реформи во медиумската сфера. Така, во 2019 година, МРТ и АВМУ останаа со старите состави на клучните органи, иако нивната смена беше најавувана уште во 2018 година. Дополнително, не беше избран ниту нов состав на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, поради што работата на ова тело беше блокирана. Ова негативно се одрази на транспарентноста на институциите, особено на оние на локално ниво за што укажува и негативниот тренд на давање информации од јавен карактер од страна на општините и дел од комуналните претпријатија за тоа колку средства вложиле во медиумите.

Во услови на мал ираситнет медиумски пазар и на силни клиентелистички врски меѓу медиумските сопственици и политичарите на власт, не можеше ниту да се очекува да се подобри економската состојба на новинарите. Згора на тоа, од државниот буџет се влеваа многу средства во приватните медиуми на различни начини, што во голема мера ја поткопуваше независната уредувачка политика и позицијата на новинарите. Работничките права и економските услови во кои работат новинарите и медиумските работници се на ниско ниво и тие не можат да ја гарантираат нивната социо-економска независност. Платите на новинарите се нередовни, генерално во висина на просечната плата во државата, придонесите најчесто не им се исплаќаат на целиот износ и не им се исплаќа надомест за прекувремена работа. Покрај тоа, сè уште нема колективни договори во приватните медиуми, а нема ниту расположение од страна на медиумските сопственици и менаџери да воспоставаат таков вид гаранции за своите вработени. Работничките права на новинарите и во иднина ќе бидат еден од главните проблеми во медиумскиот сектор, доколку не се преземат сериозни чекори за промени во ова сфера. Оттаму, иако генералната политичка атмосфера во која работат медиумите е многу порелаксирана во споредба со порано, новинарите не се охрабруваат да зборуваат за притисоците внатре во редакциите, што говори дека постои и самоцензура и страв јавно да се говори за овие проблеми.

Иако во 2019 година немаше агресивни напади проследени со физичко насилство врз новинари, сепак се случија  четири посериозни инциденти и други случаи на закани кои имаа мошне негативен  ефект врз  работата на новинарите и медиумските работници. На пример, неколкуте случаи на агресивен говор на политичари кои се на власт или во опозиција со елементи на омаловажување кон новинарите, како и неколкуте закани за тужби за клевета и навреда сериозно го нарушија нивото на слобода на изразување на новинарите и може да се сметаат како инструменти за заплашување на новинарите и медиумските работници. Исто така, отсуството на иницијатива на Основното јавно обвинителство да преземе активности по службена должност за случаите за кои алармираше новинарската заедница дополнително негативно се одрази врз прашањето на безбедноста на новинарите. Позитивно можат да се оценат само напорите на МВР да спроведе брза истрага за поголем дел од случаите на напади врз новинари, како и да воведе интерен регистар на напади врз новинари.

Во оваа насока, потребни се и интервенции во Кривичниот законик преку кои ќе се даде дополнително овластување на Јавното обвинителство по службена должност да постапува во одредени ситуации кога е повредено правото на новинарот за време на службена задача. На овој начин, би се решиле дел од предизвиците и би се поштеделе новинарите од скапи судски постапки кои не секогаш се во можност самостојно да ги иницираат. Натаму, потребно е да се направи и анализа за општата економска состојба во која се наоѓаат медиумите и следствено да се понудат олеснителни мерки со кои би се подобрила работата пред сè на радиодифузерите преку разни даночни олеснувања. За подобрувањето на стандардите во начинот на кој известуваат медиумите и новинарите, Владата но и сите политички чинители, потребно е да ја поддржуваат саморегулацијата во медиумите и да ја користат неа наместо да вршат притисок за начинот на кој известуваат одделни медиуми.

## Препораки

### А Законски интервенции и подобрување на имплементацијата на законите:

- Целосно имплементирање на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на избор на членови на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ од страна на Собранието на РСМ
- Анализа за измена и дополна на ЗААМУ, но и на други релевантни закони во делот за подобрување на финансиската работа на приватните медиуми пред се преку механизми за даночно олеснување и слични бенифиции/МИОА/Владата на РСМ и Собранието на РСМ во соработка со новинарската заедница и медиумите
- Измени и дополни на Изборниот законик со кои ќе се поедностават правилата за медиумската кампања и ќе се намали можноста од злоупотреба на платеното политичко рекламирање во приватните медиуми.

### Б Подобрување на работничките права на новинарите:

- Неопходно е донаторската заедница да даде посериозна поддршка на новинарскиот синдикат со цел тој да има поголем капацитет во начинот на кој се преговараат работничките права пред релевантните институции и медиумските сопственици
- Неопходни се и дополнителни кампањи но и обуки преку кои новинарите и медиумите би се запознале повеќе со своите основни работнички права
- Итно се потребни интервенции во Законот за заштита на авторски права и други сродни права преку синхронизирање на новите директиви на Европската комисија, пред сѐ во делот на колективното остварување на авторските права на новинарите како и дополнително препознавање на новинарската содржина како подложна на авторски права и предвидување на фер договори во овој контекст преку кои новинарите но и фоторепортерите и снимателите дополнително би се финансирале преку реемитување или репродукција на нивните материјали

### В Зајакнување на безбедноста на новинарите:

- Измена и дополнување на Кривичниот законик и тоа во две насоки: 1. Измена и дополна на провизиите со кои се дефинира говорот на омраза во согланост со праксата на ЕСЧП како и 2. Измена и дополнување во делот на овластувањата на ОЈО за постапување по службена должност при напад на новинар и/или медиумски работник како и предвидување на повисоки казни за престапниците/Министерство за правда/Владата на РСМ и Собранието на РСМ во соработка со ЗНМ, ССНМ, СЕММ, МИМ и останати релевантни медиумски чинители и стручна јавност
- Креирање посебни регистри за случаи на тужби против новинари во рамки на основните граѓански и кривични судови, вклучувајќи го и ОЈО
- Продолжување на континуираната обука и соработка помеѓу новинари, адвокати, судии и обвинители на теми поврзани со судски случаи на напади на новинари, но и општо за член 10 од ЕСЧП
- Подобрување на соработката со новоизбраните претставници на Собранието на РСМ на теми поврзани со медиумски политики и слобода на изразување
- Продолжување на градење на институционална соработка помеѓу ЗНМ, останатите еснафски здруженија во насока на создавање дополнителни протоколи и внатрешни процедури во институциите кои придонесуваат на превенирање на насилството кон новинарите и нивно ефикасно санкционирање
- Спроведување кампањи за подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници од страна на еснафските здруженија и меѓународната донаторска заедница
- Обезбедување континуирана правна помош на новинари и медиумски работници како и дополнителни советодавни услуги од страна на еснафските новинарски здруженија во соработка со меѓународната донаторска заедница